# СОЦИОЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ НА ПИВАРА СКОПЈЕ ВО МАКЕДОНИЈА 2016

Coca-Cola HBC Coca-Cola HEINEKEN

# СОДРЖИНА


- Краток преглед на студијата
- Пивара Скопје во македонската економија
  - Сектор за храна и пијалаци
  - Деловни операции на Пивара Скопје
  - Клучни бројки
- Опис на истражувањето
  - Методологија на истражувањето
  - Цели на студијата
  - Модел за мерење на социоекономското влијание
  - Обем и влезни податоци
- Ефекти на влијанието на Пивара Скопје
  - Главни заклучоци од истражувањето
  - Главни сектори на кои влијае работењето на Пивара Скопје
  - Детални заклучоци
    - Влијание врз додадената вредност
    - Влијание врз вработувањето
    - Влијание врз личниот доход
    - Анализа на сценарио
    - Даночен придонес кон државата
- Корпоративна одговорност и одржливост
- Заклучоци

# КРАТОК ПРЕГЛЕД НА **СТУДИЈАТА**

Целта на студијата „Социоекономско влијание на Пивара Скопје" е, користејќи економски модел, да го прикаже степенот на влијание на Пивара Скопје врз македонската економија, вклучувајќи ги генерираните бруто додадена вредност, вработување и личен доход. Извештајот е подготвен во соработка со *Deloitte Sustainability Consulting* Central Europe во периодот помеѓу февруари и март 2017 година*.

*Како*

**БРОЈ ЕДЕН** ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ПИЈАЛАЦИ присутен на пазарот веќе

93 ГОДИНИ

намерата на Пивара Скопје е да ги прикаже нејзините постојани напори да обезбеди транспарентност и да го зајакне влијанието во локалните заедници.

Оваа анализа го покажува влијанието на Пивара Скопје врз создавањето работни места и благосостојба, кои произлегуваат од нејзините активности низ целиот синџир на создавање вредности. Целта на извештајот е бизнис- моделот на Пивара Скопје да биде

**ПОЛЕСНО РАЗБИРЛИВ**

и притоа

**ДА ИНИЦИРА ЈАВЕН ИНТЕРЕС**

за поширокото економско влијание на Пивара Скопје врз локалната економија кое го остварува преку нејзините активности и преку присуството на пазарот.



*Во последните неколку години, слични извештаи беа изработени од страна на различни ентитети за други членки на системите на Coca-Cola и Heineken.

Пивара Скопје обезбедува 377 директни* работни места и создава околу 1.370 дополнителни работни места во македонската економија. Околу

**5.980 лица**

делумно или целосно, зависат од остварениот приход на Пивара Скопје.

Вкупниот личен доход остварен преку проширениот синџир на вредности на Пивара Скопје е еднаков на просечните месечни бруто плати на

**25.000**

лица**.

Набавките на Пивара Скопје од

**33.6 мил. ЕУР**

би овозможиле финансирање инвестиција на околу

**66 спортски сали**

Околу

**21.1 мил. ЕУР**

се платени во даноци преку производство и продажба на производите на Пивара Скопје. Тоа е еднакво на 12% од вкупните даноци на добивка во државата во 2016.год.

**1.000**

локални добавувачи во нејзиниот синџир на вредности

*Просечна вработеност во 2016 год. **Врз основа на просечната месечна бруто плата во Македонија за 2015 год.

# **ПИВАРА СКОПЈЕ ВО** МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

# СЕКТОР ЗА **ХРАНА И ПИЈАЛАЦИ** ВО МАКЕДОНИЈА

Од економскиот пад во 2012 година наваму, Македонија постепено се враќа на патот на раст и експанзија.

Секторот за храна и пијалаци, кој е клучен за развојот, просперитетот и добросостојбата на економијата на земјата, ја зачува својата улога како најважен сегмент на земјоделскиот сектор, овозможувајќи работни места за над 24.700 лица во 1.677 бизниси.

Една од клучните индустрии на овој сектор - индустријата за пијалаци - исто така почнува да се стабилизира по застојот од 2012 до 2014 година. Обемот на производство на пиво порасна за 1,1%, а обемот на производство на безалкохолни пијалаци порасна за 5,2%. Индустријата за пијалаци во четвртиот квартал од 2015 година обезбеди над 3.400 работни места, 20% повеќе од четвртиот квартал во 2012 година - доколку бројот на работни места што може да ги обезбеди оваа индустрија порасне за уште 20% до 2019 година, би се создале уште 687 работни места.

Просечната месечна плата во индустријата на пијалаци исто така порасна од 2012 година за 7,9%, што е за 5 процентни поени повеќе од стапката на инфлација во истиот период. Индустријата за пијалаци, како и целиот сектор за храна и пијалаци сигурно ќе продолжат да играат витална улога во придвижувањето на социоекономскиот напредок на земјата, преку создавање бруто додадена вредност, работни места, извоз и промоција на домашни производи.

# ДЕЛОВНО **РАБОТЕЊЕ НА ПИВАРА СКОПЈЕ**

**Пивара Скопје АД е заедничко вложување помеѓу Coca-Cola HBC AG и HEINEKEN N.V.**

Нејзината успешна приказна започнува во 1922 година како прво акционерско друштво со доминантен странски капитал и првата пиварница во земјата. Широко распространетиот успех е резултат на постојаните инвестиции, кои се прават со цел на своите клиенти и потрошувачи да им ги претстави најквалитетните безалкохолни пијалаци и пиво.

Пивара Скопје е производител на меѓународно признаените брендови на пијалаци Coca-Cola и HEINEKEN, кои се произведуваат локално во Македонија, во голема мера користејќи материјали и услуги од локалниот пазар. Резултатите од работењето на Пивара Скопје, кои се движат од производство до продажба на нејзините производи, далеку ги надминуваат резултатите видливи за купувачите и за инвеститорите.

Освен што создава локално вработување и личен доход во нејзините производни погони, Пивара Скопје  ги поддржува вработеноста, личните примања и даночните приходи во Македонија преку набавка на добра и услуги од разни добавувачи и продажба на нејзините производи преку широко распространета продажна мрежа чии приходи зависат од потрошувачката на производите на Пивара Скопје.

## СИНЏИР НА СОЗДАВАЊЕ ВРЕДНОСТИ НА ПИВАРА СКОПЈЕ



МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ | ДОБАВУВАЧИ | ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ | ПИВАРА СКОПЈЕ | ДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА | КРАЈНИ ПРОДАЖНИ МЕСТА НА ПАЗАРОТ | МАКЕДОНСКИ ПОТРОШУВАЧИ

# **КЛУЧНИ** БРОЈКИ

Повеќе од
## 40 мил. ЕУР
капитални инвестиции
само во последните
10 години

**93** години
на пазарот

Почнувајќи од
35.000 хектолитри
пиво, 720 тони пивски
слад и 1.500 тони мраз во
1924 година до 985.000
хектолитри пијалаци произведени
на годишно ниво денес



2 производни погони со
производни капацитети од
2 мил. хектолитри
безалкохолни пијалаци и
1,1 мил. хектолитри пиво

7 основни брендови на
безалкохолни пијалаци, со
повеќе од 60 типови
пакувања

4 основни брендови пиво
со повеќе од
70 типови пакувања

11 дистрибутивни
центри низ Македонија

13.000 клиенти,
соработници на Пивара Скопје

Со гордост веруваме дека секој граѓанин на
Македонија пробал барем еден наш производ.

# ОПИС НА **ИСТРАЖУВАЊЕТО**

# **МЕТОДОЛОГИЈА** НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Секоја економија, било да е анализирана од национална или од глобална гледна точка, се состои од сектори и индустрии што се меѓусебно поврзани. Во овие сектори и индустрии постојат компании чија работа зависи од, и влијае врз други компании и економски субјекти. Со цел да се анализира социоекономското влијание на одредена компанија или индустрија, мора да се користи методологија што ги зема предвид овие текови и што покажува како резултатите од многу различни индустрии служат како инпути за други индустрии, а за возврат создаваат додадена вредност, вработување и личен доход во економијата.

# **ЦЕЛИ** НА СТУДИЈАТА

**ОВАА СТУДИЈА СЕ ОБИДУВА ДА ГИ ПОСТИГНЕ СЛЕДНИТЕ ЦЕЛИ:**

1 Сеопфатна процена на вкупното влијание на деловните активности на Пивара Скопје, вклучувајќи ги директните влијанија, индиректните влијанија генерирани преку нејзините добавувачи, како и индуцираните влијанија произлезени од личните примања на вработените на Пивара Скопје и личните примања на вработените на добавувачите на Пивара Скопје и вработените на добавувачите на нејзините добавувачи.

2 Темелна евалуација на разните влијанија на Пивара Скопје во рамките на 21 сектор од македонската економија.

# **МОДЕЛ ЗА МЕРЕЊЕ** НА СОЦИОЕКОНОМСКОТО ВЛИЈАНИЕ

Односите на Пивара Скопје со добавувачи од разни економски сектори овозможуваат дополнително создавање бруто додадена вредност, вработување, приходи и даноци за националната економија. Со цел да се идентификуваат и да се измерат овие влијанија, користен е напреден економски модел, кој овозможува квантификација на ефектите од работата на Пивара Скопје во директни, индиректни и индуцирани услови.

Користејќи модел заснован врз табели на влез-излез за македонската економија* и податоци од компанијата, пресметани се следните видови влијанија на Пивара Скопје:

ДИРЕКТНИ ВЛИЈАНИЈА што претставуваат ефекти од дејностите на Пивара Скопје.

ИНДИРЕКТНИ ВЛИЈАНИЈА што се поврзани со деловните трансакции на Пивара со нејзините добавувачи. Со набавката на добра и услуги од локални добавувачи, Пивара Скопје го поттикнува бизнисот на овие добавувачи, овозможувајќи им да ги одржат работните места, да создадат додадена вредност и личен доход. Но ефектите не застануваат тука - директните добавувачи на Пивара Скопје (прв столб) имаат свои добавувачи (втор столб), чие производство, благодарејќи на првичниот импулс од Пивара Скопје, исто така се зголемило создавајќи ефект на бранување во економијата. Овие ефекти, вклучувајќи ги и сите трансакции, се ефективно земени предвид во користениот модел.

ИНДУЦИРАНИ ВЛИЈАНИЈА што се последица на дополнителниот импулс создаден во економијата преку трошењето од страна на вработените на Пивара Скопје и трошењето на вработените на добавувачите од првиот и вториот столб. Овој импулс, кој се манифестира преку ефективна побарувачка, потоа се рефлектира во зголемување на производството во стопанството и се претвора во дополнителни работни места, додадена вредност и создавање лични примања.

Степенот на директни, индиректни и индуцирани влијанија е прикажан во однос на 3 клучни показатели:

**01 БРУТО ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ (БДВ)**

Вредноста на производството намалено за вредноста на директната потрошувачка (вредноста на производите и услугите на пазарот, кои производителот ги користи како инпути во производниот процес). Бруто додадена вредност (БДВ) на основните цени е еднаква на бруто домашниот производ (БДП) на пазарните цени минус даноците, плус субвенциите на производите.

**02 ВРАБОТУВАЊЕ**

Измерени во однос на бројот на вработени и вклучувајќи ги сите работни места, т.е. вработени и самовработени.

**03 ЛИЧЕН ДОХОД**

Измерен преку личните примања на вработените, кој вклучува плати, додатоци на плати, придонеси и даноци на плати.

Покрај тоа, фискалните влијанија на директните и индиректните даноци платени од Пивара Скопје се квантификувани и се ставени во контекст во следниот дел од извештајот.



*Последната верзија на симетричните табели на влез/излез за македонската економија беше објавена на 12.11.2013 година, со цени од 2010 година. Во оваа студија беше користена симетричната табела на влез/излез за домашното производство по основни цени од 2010 година.


ИНДУЦИРАНО ВЛИЈАНИЕ
ИНДИРЕКТНО ВЛИЈАНИЕ 2 СТОЛБ
ИНДИРЕКТНО ВЛИЈАНИЕ 1 СТОЛБ
ДИРЕКТНО ВЛИЈАНИЕ
ПИВАРА СКОПЈЕ
1924
ПИВАРА СКОПЈЕ
ВРАБОТУВАЊЕ
ДРЖАВА

# **ОБЕМ** И ВЛЕЗНИ ПОДАТОЦИ

Студијата се фокусира на квантификација на влијанијата на Пивара Скопје врз економијата во Македонија. Од тие причини, набавките на добра и услуги од странски добавувачи беа изземени од пресметките на индиректните и индуцираните влијанија, бидејќи немаат влијание врз локалното вработување, бруто додадената вредност или приходите.

Анализата беше направена со користење финансиски податоци земени од Пивара Скопје за 2016 година, вклучувајќи:

- годишни сметки за добивка или загуба,
- извештаи за уплатен данок,
- евиденција на просечниот број вработени во 2016 година (вклучувајќи ги директно вработените и вработените преку трети лица),
- податоци за набавките поделени по локални и странски трошоци,
- податоци за платите на вработените и персоналниот данок платен во нивно име од страна на Пивара Скопје,
- податоци за трошоците за маркетинг на Пивара Скопје.

Понатаму, во 2016 година, **The Coca-Cola Company** инвестираше **1,4 мил. ЕУР** во ATL маркетинг-активности.

Статистичките податоци за надоместоците на вработените и вработувањето (вклучувајќи го и самовработувањето) од Државниот завод за статистика се земени за истата година како и симетричните табели на влез/излез, 2010 година, со цел да се одржи конзистентен соодност на показателите за продуктивност и за заработка.

# **ЕФЕКТИ ОД** ВЛИЈАНИЕТО НА ПИВАРА СКОПЈЕ

# ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ
## ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО




### БРУТО ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

**44,6 мил. ЕУР**

Директно влијание
24,5 мил. ЕУР

Индиректно влијание
12,4 мил. ЕУР

Индуцирано влијание
7,7 мил. ЕУР

### ВРАБОТУВАЊЕ

**1.747 РАБОТНИ МЕСТА**

Директно влијание
377 работни места

Индиректно влијание
875 работни места

Индуцирано влијание
495 работни места

### ЛИЧЕН ДОХОД

**13,7 мил. ЕУР**

Директно влијание
6,4 мил. ЕУР

Индиректно влијание
4,5 мил. ЕУР

Индуцирано влијание
2,8 мил. ЕУР

# ГЛАВНИ СЕКТОРИ ВРЗ КОИ ВЛИЈАЕ РАБОТЕЊЕТО НА ПИВАРА СКОПЈЕ

Идентификувани се три главни економски сектори врз кои Пивара Скопје има најголемо влијание:

### СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛУГИ

Услуги за маркетинг, ИТ, иновации и технологија, деловни услуги и правни услуги

### УСЛУГИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И МАЛО И ПОПРАВКИ

Услуги за одржување на производството и деловните услуги, вклучувајќи инсталирање и поправка на машини, одржување канцелариска опрема и набавка на канцелариски материјал како и преку продажба на производите на Пивара Скопје.

### ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Локална набавка на суровини, како шеќер и кршен ориз.

# **ВЛИЈАНИЈАТА СЕ** ОДНЕСУВААТ НА:

Главни сектори врз кои влијае Пивара Скопје во мил. ЕУР

БРУТО ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

ВРАБОТУВАЊЕ

ЛИЧЕН ДОХОД

| | Стручни услуги | Трговија на мало | Земјоделство |
|---|---|---|---|
| Бруто додадена вредност | **4,7 мил. ЕУР** | **2,5 мил. ЕУР** | **4,6 мил. ЕУР** |
| Вработување | **252 РАБОТНИ МЕСТА** | **184 РАБОТНИ МЕСТА** | **418 РАБОТНИ МЕСТА** |
| Личен доход | **1,7 мил. ЕУР** | **1,0 мил. ЕУР** | **1,2 мил. ЕУР** |

Извор: Пресметки на Deloitte засновани врз податоците од Пивара Скопје и Моделот на влез/излез на македонската економија.

# **ДЕТАЛНИ** ЗАКЛУЧОЦИ

## **ВЛИЈАНИЕ** ВРЗ ДОДАДЕНАТА ВРЕДНОСТ: 44,6 мил. ЕУР

Вкупна бруто додадена вредност создадена во Македонија преку дејноста на Пивара Скопје во 2016 година, распределена по сектори и тип на влијание (во милиони ЕУР).




Извор: Пресметки на Deloitte засновани врз податоците од Пивара Скопје и Моделот на влез/излез на македонската економија.

## **ВЛИЈАНИЕ ВРЗ** ВРАБОТУВАЊЕТО: 1.747 РАБОТНИ МЕСТА

Вкупно вработување поддржано во Македонија преку дејноста на Пивара Скопје во 2016 година, распределено по сектори и тип на влијание (во лица).




Извор: Пресметки на Deloitte засновани врз податоците од Пивара Скопје и Input-Output моделот на македонската економија.



*Останатите сектори вклучуваат: Рударство и вадење камен, Текстил, Дрво и производи од хартија, Услуги за печатење и снимање, Хемикалии, Производи од гума и пластика, Производство на други стоки, Градежништво, Сместување и сервисни дејности со храна, Административни и помошни дејности и др..

# **ДЕТАЛНИ** ЗАКЛУЧОЦИ

## **ВКУПЕН** ОСТВАРЕН ЛИЧЕН ДОХОД: 13,7 мил. ЕУР

Вкупен личен доход остварен во Македонија преку дејноста на Пивара Скопје во 2016 година, распределен по сектори и тип на влијание (во милиони ЕУР).




Извор: Пресметки на Deloitte засновани врз податоците од Пивара Скопје и Моделот на влез/излез на македонската економија.

# АНАЛИЗА НА **СЦЕНАРИО**

Хипотетичко сценарио во кое еден производител не прави напори да набави материјали и услуги од домашни добавувачи би резултирало во сериозно намалување на домашната додадена вредност. Дел од производните материјали на Пивара Скопје мора да бидат увезени, но какво би било влијанието доколку еден производител како Пивара Скопје би користел само увезени материјали и услуги?

Во таков случај, загубите во бруто додадената вредност за економијата би биле **15,5 мил. ЕУР**, а пазарот на труд би претрпел загуба од **1.078** работни места*.

Најпогодени сектори:

**СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛУГИ**

загуба БДВ: 4,4 мил. ЕУР
загуба на работни места: 234 работни места
загуба на личен доход: 1,6 мил. ЕУР

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ**

загуба БДВ: 4,1 мил. ЕУР
загуба на работни места: 368 работни места
загуба на личен доход: 1,1 мил. ЕУР

**УСЛУГИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И МАЛО И ПОПРАВКИ**

загуба БДВ: 1,5 мил. ЕУР
загуба на работни места: 108 работни места
загуба на личен доход: 0,6 мил. ЕУР



*Под претпоставка, 100% од суровините да се увезени.

# **ДАНОЧЕН ПРИДОНЕС** КОН ДРЖАВАТА

Пивара Скопје има значаен обем на производство и голем број на купувачи, што резултира во големи приходи и за Пивара Скопје и за Република Македонија.

Вкупниот даночен придонес на Пивара Скопје во 2016 година, кој се состои од акцизи, ДДВ, даноци за вработените, данок на добивка и други даноци на производство е **21,1 мил. ЕУР**. Акцизите и ДДВ се индиректни даноци што сочинуваат над **17,1 мил. ЕУР**, додека, пак, директните даноци платени од Пивара Скопје и нејзините вработени достигнуваат до **4 мил. ЕУР**.




Извор: Пресметки на Deloitte засновани врз податоците од Пивара Скопје.



*Вклучувајќи персонален данок, задолжително пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување.

# КОРПОРАТИВНА ОДГОВОРНОСТ
## И ОДРЖЛИВОСТ

# ПОСТАВУВАЊЕ ВИСОКИ ЦЕЛИ

Пивара Скопје е посветена на придонесување за подобра и одржлива иднина. Одржливоста е од исклучително значење за Пивара Скопје уште од 1922 година и претставува основа на сѐ што прави.
Градењето доверба во заедницата преку одговорно и одржливо управување со бизнисот е суштински дел од компаниската култура.
Пивара Скопје ќе продолжи значително да инвестира со цел да создаде заедничка вредност со своите вработени, заедницата, купувачите, потрошувачите и акционерите, поставувајќи амбициозни долгорочни цели за одржливост и известување за напредокот.
Влијанието на Пивара Скопје врз заедницата е насочено кон поддршка и подобрување на квалитетот на животот на сите нејзини членови.

# ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ

Пивара Скопје е пионер во земјата во областа на здравјето и безбедноста, и пример за одлично работење во домашната индустрија за пијалаци. Компанијата е меѓу првите во 2007 година, која воведе и беше сертифицирана според водечкиот Меѓународен стандард за управување со безбедност и здравје при работа – OHSAS 18001. За да ја одржи здравата и безбедна работна средина, Пивара Скопје организира разни активности, обуки, презентации и вежби во текот на целата година, преку кои сите вработени учат и го обновуваат знаењето за овој важен сегмент.

## ВОЛОНТЕРИТЕ НА ПИВАРА СКОПЈЕ ГИ ЕДУЦИРАА РЕЧИСИ СИТЕ ЧЕТВРТООДДЕЛЕНЦИ ЗА ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНОСТА ВО УЧИЛИШТАТА

Четири последователни години, Пивара Скопје, во соработка со општините и основните училишта, спроведува едукативен проект за ученици од четврто одделение на теми поврзани со здравјето и безбедноста. Проектот се имплементира преку интерактивни и графички презентации приспособени на возраста на учениците, преку кои тие, во присуство на нивните наставници, добиваат совети за тоа како правилно да го држат телото додека седат во училишната клупа и додека работат на компјутер, како правилно да ја носат училишната торба, како да спречат повреди предизвикани од лизгање, сопнување или паѓање, и како да се однесуваат во случај на пожар во училиштето.

| | |
|---|---|
| 18.500 | Ученици/4 години |
| 16 | Општини |
| 114 | Училишта |
| 63 | Волонтери на Пивара Скопје |
| 167 | Волонтерски часови |

Број на ученици низ годините




*Спроведено за време на подготовката на брошурата, 100% од четвртоодделенците во земјата.

**НАЦИОНАЛНА НАГРАДА ЗА НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**
Македонско здружение за заштита при работа
и Меѓународна организација на труд.

# РАЗВОЈ НА МЛАДИТЕ

## 19 ГОДИНИ ТРАДИЦИЈА ВО ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИ И 1 ГОДИНА БЕСПЛАТНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА

Едукативниот центар на Пивара Скопје постои веќе 19 години. Првенствено беше основан за едукација на вработените, за подоцна да стане еден од најреномираните едукативни центри за млади луѓе во земјата.
Со цел да ги поддржи мерките и напорите на надлежните владини институции и Владата за намалување на невработеноста, особено кај младите луѓе, во 2016 година Пивара Скопје ја започна програмата **„Вештини за успех“**, давајќи им предност на младите од општествено ранливите категории. Пивара Скопје ги покрива сите трошоци за обуката на учесниците, на тој начин обезбедувајќи бесплатна обука за сите учесници. Покрај менаџерите на Пивара Скопје, во предавањата се вклучени и други истакнати претставници од деловната заедница, експерти од универзитетите, јавните институции, како и угледни меѓународни организации. Од 1997 година, низ Едукативниот центар на Пивара Скопје поминале **4.300** студенти.

| ВЛИЈАНИЕ | СТАТИСТИКА |
|---|---|
| Промовирање на родовата еднаквост и жени претприемачи | 2/3 од учесниците се жени |
| Поттикнување претприемачки дух | 4% од учесниците започнале свој бизнис |
| Намалување на стапката на невработеност кај младите | 33% од невработените учесници за 12 месеци нашле работа |
| Позитивен став за програмата | 96% |
| Вкупно учесници до денес | 4.300 |

## ВКУПНО УЧЕСНИЦИ




*Сите трошоци се покриени од Пивара Скопје



**НАЦИОНАЛНА НАГРАДА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА МЛАДИТЕ**
Национално координативно тело за Корпоративна општествена одговорност кофинансирано од Европската унија и имплементирано од Министерството за Економија

# ЗА ДОБРОТО НА ЗАЕДНИЦАТА

Веќе 6 години Пивара Скопје ги инспирира и ги вклучува луѓето во активен животен стил, почнувајќи од „Coca-Cola Cup", па сè до донацијата на „Coca-Cola Активните зони" низ целата земја, за првпат имплементирани во 2016 година, и двете во соработка со локалните власти и меѓународната НВО „Open fun football schools".

„Coca-Cola Активните зони" се долгорочен проект за обезбедување рекреативни и спортски зони на отворено, опремени со најсофистицираната фитнес-опрема, достапни на сите граѓани 24/7. Целта на овој проект е да се поттикнат луѓето на практикување физички, спортски и рекреативни активности, истовремено забавувајќи се и дружејќи се. Досега, „Coca-Cola Активни зони" беа донирани во 10 општини во државата.

Најновиот проект на Пивара Скопје, донација на паркиралишта за велосипеди, е придонес во промоцијата на рекреативен и урбан велосипедизам како животен стил и подигнување на свеста за користењето на велосипедите како енергетски најефикасен урбан транспорт, кој има најголем потенцијал во намалувањето на загаденоста на воздухот и заштитата на животната средина.

## „Coca-Cola cup" во фудбал

| | |
|---|---|
| над 6.000 | момчиња и девојчиња (12-16 г.) „придвижени" досега |
| над 200 | одиграни мечеви |
| 18 | вклучени општини |
| над 150 | училишта низ земјата |

## Паркиралишта за велосипеди

| | |
|---|---|
| 5 | отворени паркиралишта за велосипеди |
| 55.000 | лица имале корист во целата земја |






## Coca-Cola активни зони

| | |
|---|---|
| 10 | отворени активни зони |
| 6.000 | лица имале корист во целата земја |







# ЖИВОТНА СРЕДИНА И ВОДНИ РЕСУРСИ

Сведувањето на минимум на влијанието врз животната средина е една од суштинските цели на Пивара Скопје. Постојано се изнаоѓаат нови начини за намалување на потрошувачката на вода и енергија, како и намалување на отпадот. Напорите на Пивара Скопје резултираа со добивање А-интегрирана еколошка дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање, што значи дека Пивара Скопје ги применува највисоките стандарди за заштита на животната средина во сите сегменти од своето работење. Во изминатиот период инвестирани се над **3 мил. ЕУР** за да се исполнат сите услови и критериуми наведени во Оперативниот план за добивање на дозволата.

Пивара Скопје е еден од иницијаторите и основачите на првата организација за управување со отпадот од пакување во Македонија, „Пакомак". Заедно со „Пакомак", Пивара Скопје постојано спроведува еколошки акции за подигнување на свеста за заштита на животната средина, на тој начин поддржувајќи ја својата организација во постигнувањето на националните цели за пакување отпад и придонесувајќи за здрава и чиста животна средина.

## ПОД МОТОТО „ДАЛИ РЕЦИКЛИРАТЕ?"

- Две години по ред, вработените и менаџментот на Пивара Скопје, волонтерски, заедно со Амбасадата на Холандија во Македонија, Британската амбасада и компанијата „Пакомак", организираат акции за собирање амбалажен отпад од јавните површини, како што се кејот на реката Вардар и езерото Матка. Во рамки на акциите, собран е целокупниот сув отпад, селектиран и пратен на рециклирање.

- Заедно со Амбасадата на Холандија во Македонија и компаниите „Пакомак" и „Нула Отпад", Пивара Скопје спроведува проект за едукација на децата од нивната најрана возраст за методите и придобивките на рециклирањето и соодветниот третман на отпадот. Проектот се спроведува преку иновативна и забавна театарска претстава „Зелена планета", наменета за деца од прво до петто одделение. Досега, преку **12 театарски претстави** се поставени во **8 градови** во државата, а **8.420 деца** се едуцирани за важноста од зачувување здрава и чиста животна средина.







## СОПСТВЕНА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ

Една од најсовремените инвестиции на Пивара Скопје е Пречистителната станица за третман на отпадни води, единствена од тој тип во земјата. Станицата пречистува вода од производниот процес само со биолошки средства и претставува високотехнолошка иновација, за првпат применета од страна на една домашна индустрија. Оваа најсовремена технологија овозможува третманот на водата од производниот процес подоцна повторно да се користи како индустриска вода, додека, пак, емисиите на гасови ослободени при третман на вода се користат за производство на енергија.

**НАЦИОНАЛНО ПРИЗНАНИЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА БИО-СТАНИЦАТА ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ**
Национално координативно тело за Корпоративна општествена одговорност кофинансирано од Европската унија и имплементирано од Министерството за Економија

# СОЛИДАРНА ПОМОШ

Една од главните стратешки заложби на Пивара Скопје е давање помош на оние на кои им е најмногу потребна. Таа заложба се потврдува преку долгорочната соработка со Црвениот крст на Република Македонија, преку континуирана помош и логистика на Пивара Скопје во многу хуманитарни акции, при елементарни непогоди и несреќни случаи.

Во август 2016 година, природата уште еднаш ја покажа сета своја моќ со катастрофалните поплави со трагични последици во Скопје.

Преку донација на парични средства, вода за пиење и волонтери, Пивара Скопје и The Coca-Cola Company ја поддржаа организацијата на Црвениот крст, општината Гази Баба и другите релевантни институции во олеснување на последиците од оваа природна катастрофа.



70 Вработени

КОИ ВОЛОНТИРАЛЕ

210

ВОЛОНТЕРСКИ ЧАСОВИ

32 т вода

ДОНИРАНИ

100.000 ЕУР

ДОНИРАНИ СРЕДСТВА

# УМЕРЕНА КОНСУМАЦИЈА НА АЛКОХОЛ

Пивара Скопје верува дека само одговорната консумација може да обезбеди вистинско уживање во пивото. Прекумерното пиење не значи успех на бизнисот и не придонесува за одржлив развој на општеството. Пивара Скопје ја разви и постојано ја надоградува својата платформа за одговорна консумација на пиво чија цел е подигнување на свесноста за одговорното пиење и намалување на штетната употреба на алкохолот. Компанијата верува дека како најголем производител на пиво во земјата има долгорочна обврска да ја шири културата на одговорна консумација, но и да ги гради и да ги живее вредностите на одговорното пиење кои се дел од секојдневниот живот на заедницата на која и припаѓа.

Во ширењето на културата на одговорна консумација, Пивара Скопје, покрај сите свои вработени, соработници и партнери, вклучи и многу успешни јавни личности кои, со своето однесување и лични пораки, служат како пример за другите граѓани, особено за младите. Оваа група амбасадори за одговорно пиење на Пивара Скопје, меѓу другите, вклучува и голем број спортисти, како што се членовите на македонскиот национален ракометен тим, но, исто така, и љубители на мотоцикли и мотоциклистичката култура, вклучувајќи го и Претседателот на националниот мото-клуб кој е меѓународен шампион во автомобилски трки како и светски познатиот спелеолошки нуркач, кој зборувајќи за сопствените искуства, препорачува одговорно пиење. Пивара Скопје активно и континуирано соработува со сите релевантни институции и невладини организации во реализацијата на активностите што се дел од процесот на ширење на културата на умерена консумација на алкохол.

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА ЖЕНИТЕ

Зајакнувањето на улогата на жените е една од стратешките определби на Пивара Скопје. Пивара Скопје цврсто верува дека поттикнувањето на жените целосно да учествуваат во стопанството е од суштинско значење за просперитетот, развојот и одржливоста, а може и да го подобри квалитетот на економијата, животот и заедницата како целост. Пивара Скопје има јасни цели и стратегија за успех на пазарот и за севкупното ангажирање на заедницата. Истовремено длабоко е вклучена во развивањето на чувството на разновидност и правичност кај вработените во сите аспекти на работењето на компанијата, давајќи еднакви можности за учење, развој, промоција и придонес за бизнисот и за заедницата.







# ПОЛНА ЧАША

„Полна чаша“ е единствена корпоративно-комуникациска платформа од тој вид во земјата. Таа беше лансирана на 1 јануари 2016 година и веднаш стана препознатлива по својата конзистентност и внимателно избрана содржина во која се интегрирани интервјуа и статии од вработени, партнери и надворешни соработници. „Полна чаша“ ги поткрепува сториите за одговорната консумација на алкохол, развојот на младите, зајакнувањето на улогата на жените, активниот животен стил, здравјето и безбедноста, добросостојбата на заедницата и заштитата на водата и животната средина, на тој начин рефлектирајќи го корпоративниот идентитет на Пивара Скопје.



# ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Благодарејќи на неодамнешните иницијативи, Пивара Скопје значително придонесува за вкупните инвестиции и постигнувања на Coca-Cola HBC во одржливиот развој, меѓу кои се:

Директно и индиректно намалување на емисиите на јаглероден диоксид за **7,8%** годишно.

Инвестиција од **5,8** мил. ЕУР во инсталации што овозможуваат заштеда на **1,1** милиони кубни метри вода.

**4,3** мил. ЕУР инвестирани во проекти за енергетска ефикасност.

## ПИВАРА СКОПЈЕ Е ДОЛГОРОЧЕН СПОНЗОР НА:

35 **ГОДИНИ**
РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

43 **ГОДИНИ**
ГАЛИЧКА СВАДБА

27 **ГОДИНИ**
ФЕСТИВАЛ ОХРИДСКО ЛЕТО

### ПИВАРА СКОПЈЕ ГОДИШНО ПОДДРЖУВА:

26 ЕДУКАТИВНИ НАСТАНИ

16 СПОРТСКИ НАСТАНИ

15 ХУМАНИТАРНИ НАСТАНИ

27 КУЛТУРНИ НАСТАНИ

# ЗАКЛУЧОЦИ

# **ЕКОНОМСКО** ВЛИЈАНИЕ

| | |
|---|---|
| БДВ | 44,6 мил. ЕУР |
| ЛИЧЕН ДОХОД | 13,7 мил. ЕУР |
| ДАНОЦИ | 21,1 мил. ЕУР |

**1.747** РАБОТНИ МЕСТА ВО СИНЏИРОТ НА СОЗДАВАЊЕ ВРЕДНОСТИ

**1** РАБОТНО МЕСТО ВО ПИВАРА СКОПЈЕ ПРИДОНЕСУВА ЗА

**3,6** ДОПОЛНИТЕЛНИ РАБОТНИ МЕСТА ВО МАКЕДОНИЈА

# ЗАКЛУЧОЦИ

Во денешната конкурентна светска економија станува сè поважно да се максимизираат локалните економски влијанија и да се поддржат работните места.

Пивара Скопје создава

**44,6 мил. ЕУР**

бруто додадена вредност во Македонија.

Оваа вредност создава ефект на бранување во економијата што поддржува

**1.747 РАБОТНИ МЕСТА**

четири пати повеќе од директните вработувања во компанијата.

Околу

**5.980 ЛИЦА**

делумно или целосно, зависат од личниот доход создаден од Пивара Скопје.

Повеќето работни места поддржани преку работењето на Пивара Скопје се во виталните сектори на економијата, како што се земјоделството и услугите во трговијата на големо и мало и поправки. Работните места во овие сектори се важни, бидејќи многу семејства зависат од личните примања што го остваруваат локално – речиси

**13,7 мил. ЕУР**

во личен доход може да се припишат на присуството на Пивара Скопје во Македонија.

Околу

**21,1 мил. ЕУР**

платен данок преку производството и продажба на производите на Пивара Скопје. Тоа е еднакво на 12% од вкупниот данок на добивка што владата ги наплатила во 2016 година.

Локалното влијание на Пивара Скопје може да се пресмета и да се процени, но влијанието на локалните заедници врз Пивара Скопје не може. Без локална поддршка од заедниците, Пивара Скопје не би можела да работи и затоа искрено се заблагодаруваме на сите наши добавувачи и на сите наши купувачи за нивниот придонес врз нашето влијание.

Студијата „Социоекономското влијание на Пивара Скопје“ е достапна на интернет:
www.polnacasa.mk

ПИВАРА СКОПЈЕ

Најдоброто од Македонија